**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Бр. 25- 4872/2**
**Скопје,**01.07.2008 година

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија„ бр. 33/2006 и 63/2007), министерот за економија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

1. За оцена на сообразност на единечно прегледано возило од категориите L, M, N, O, во рамки на опсегот на акредитација: инспекција (контрола) на возила, согласно Правилникот за пуштање на пазар и ставање во употреба на моторни возила, приклучни возила, опрема и делови кои можат да се вградат и/или да се користат на нив („Службен весник на Република Македонија„ бр.134/06, 9/07, 156/07 и 42/08) се овластува правното лице„ **АМСМ УСЛУГИ-ХОМОЛОГАЦИЈА ДООЕЛ Скопје**, за следните испитни места:

-Инспекциско место „Скопје-Чаир"
-Инспекциско место „Велес"
-Инспекциско место „Битола"

2. Ова решение се донесува врз основа на Сертификатот за акредитација бр. ИТ-011 од 16 јуни 2008 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија и врз основа на одредбите од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и форма и содржината на регистерот на телата за оцена на сообразност („Службен весник на Република Македонија„ бр. 157/07), а важи за период од четири години сметано од денот на издавањето на сертификатот за акредитација.

3. Правното лице од точка 1 на ова решение должно е да го извести Министерството за економија за секоја промена на условите или за престанување на исполнување на условите утврдени во член 24 ставови 1 и 3 од Законот за безбедност на производите или кој било услов утврден со Правилникот за пуштање на пазар и ставање во употреба на моторни возила, приклучни возила, опрема и делови кои можат да се вградат и/или да се користат на нив, најдоцна 15 дена од денот на настанувањето на промените.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**МИНИСТЕР,**

**Вера Рафајловска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ